# Шаблон со дијагнози по пациент

Со новата верзија во Прима Медика овозможено е да се креира шаблон со дијагнози за поедноставно внесување на дијагнозите во формата дијагнози по 10 МКБ.

Оваа функционалност се користи на следниот начин:

Отвараме преглед за пациентот за кој сакаме да креираме шаблон со дијагнози. Ја отвараме формата Дијагнози по 10МКБ. Во оваа форма ги внесуваме сите дијагнози кои што сакаме да бидат имплементирани во шаблонот.

Напомена: При додавање на нова дијагноза за креирање на шаблонот задолжително мора да се пополни видот на заболување кое се избира од даденото мени.




Откако сите дијагнози ќе бидат внесени во формата Дијагнози по 10МКБ, можеме да го креираме шаблонот. Се позиционираме на секоја дијагноза поединечно која акаме да ја додадеме и со кликање на Ctrl+D ја додаваме истата во шаблонот. Во шаблонот можно е да се додаваат дијагнози од различни прегледи, односно шаблонот по пациент може да се дополнува или менува со тек на време.



Со кликање на копчето Шаблон ни се отвара формата со предефинираните дијагнози во шаблонот. Во оваа форма ни е прикажано која дијагноза е дефинирана како примарна и како е дефиниран видот на заболување. Доколку има потреба за промена на примарна дијагноза и промена на видот на заболување можеме да корегираме соодветно со избор од даденото мени. За бришење дијагноза од шаблонот кликаме на копчето Delete.




За користење на предефинираниот шаблон во нов преглед на пациентот кликаме Shift+F5. На овој начин се додаваат сите дијагнози кои што се дефинирани во шаблонот на избраниот преглед.

# Реализација на цели од друг лекар

Оваа функционалност се користи во случај кога целта за пациентот е реализирана од друг лекар во друга здравствена организација, по што пациентот извршил промена на избраниот лекар, па за него не треба да се реализира цел повторно во тековен циклус туку треба само да се означи дека има реализирана цел..

За таа цел го отвараме менито <u>Пресметка/Цели/Реализирани цели/Статус на цели за сите осигуреници 2018-2019.</u>




Ни се отвара форма каде што е потребно да се внесе <u>Избран лекар</u>. Со кликање на копчето <u>Прикажи</u> ни се пополнуваат трите таба. Овде пациентите се поделени по старосни структури од 35-56, од 6-14 и хронични пациенти под 35 и



над 56 години.

Според старосната структура на пациентот пребарувањето го правиме во соодветната табела.

За означување на целта како реализирана, најпрво го селектираме пациентот и кликаме F12 од тастатура. Во тој случај се отвара прозорец во кој потребно е да се пополнат даум на реализација од друг лекар и факсимил на лекар кој реализирал. Откако овие податоци ќе бидат пополнети, кликаме на копчето Означи реализирана од друг лекар.




Во тој случај реализацијата на цел ќе се брои во извештајот преглед на активности за постигнување на цели и во аналитички извештај за реализирани цели.

Напомена: Во формата за реализација на цел полето реализирано кај друг лекар (факсимил) ќе биде пополнето соодветно со факсимилот кој што го имаме внесено.


Реализација на цели (циклус 2018-2019)
Избран лекар
РАТКА ДАМЈАНОСКА
Картон
501531
Име и презиме
ПАМЕЛА СТОИМЧЕВА
Хронични заболувања на пациентот
Дијабет
Бубрежно
Кардиоваскуларно
Возраст на пациентот(год/мес/ден)
11
9
17
Статус на цели превземени од портал на ФЗОМ
Дијабет
Бубрежно заболување
Кардиоваскуларно заболување
Превземи реализација за дијабет
Превземи реализација за бубрежно заб.
Превземи реализација за кардио заб.
Превземи лаб.резултати
Шеќерна болест
Бубрежни заболувања
Кардиоваскуларни заболувања
Деформитети на р'бетен столб
ОБРАЗЕЦ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНО ОТКРИВАЊЕ НА ДЕФОРМИТЕТИ НА 'РБЕТЕН СТОЛБ ОД 6 ДО 14 ГОДИШНА ВОЗРАСТ
РЕАЛИЗИРАНА ЦЕЛ локално
Кифоза, Лордоза, Сколиоза
Датум на реализација
06.09.2019
Дали во седечка положба има подгрбавеност и свиени рамена нанапред?
Дали во стоечка положба има подгрбавеност и свиени рамена нанапред?
Дали постои пренагласеност на лумбалната кривинаво стоечка положба гледано од профил?
Дали висината на рамената во стоечка положба е иста?
Дали висината на лопатките во стоечка положба е иста??
Дали висината на колковите во стоечка положба е иста?
Дали постои асиметрија на ребрените лаци и појава на грба во сколиотичното искривување во наведната положба?
Не
Да
Запиши
Реализирано кај друг лекар (факсимил) :
123456
Означи РЕАЛИЗИРАНО локално
Печати
F5-Нов запис, F6-Промени/Дополни податоци, F8-Бриши, Ctrl+F7 - Рестартирај сервис за читање ЕЗК

# Евиденција и печатење на покани за цели

Во формата за креирање на покани Пресметка/Цели/Евиденција на покани за цели воведена е нова функционалност за групно печатење на покани, која исто така е имплементирана и во опцијата за печатење покани за ПАП тест кај гинеколозите.

За групно печатење, ги селектираме поканите кои што сакаме групно да ги печатиме и кликаме на копчето Ctrl+F10. На овој начин селектираните покани ќе се отпечатат одеднаш.

